Датум: 20.05.2015, 16:50

ЗАКОНСКИ ИЗМЕНИ

# КОМИСИЈА ЌЕ ЈА УТВРДУВА ЦЕНАТА НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ ПО ОПШТИНИТЕ



Цената на водата во иднина ќе ја одредува Регулаторната комисија за енергетика. Допрва ќе се изготвуваат правилници и ценовници за пресметка. Во исто време секое водоводно претпријатие во земјава од страна на регулаторот ќе добие утврдена цена по која ќе ја продава пивката вода. Ова се само дел од измените на Законот за енергетиката, кои допрва треба да поминат во собраниска процедура, а се планира да почне да се применуваат од септември годинава. Според законот, неминовно е регулаторна комисија да ги одредува цените на водата бидејќи праксата покажала дека досега таа била многу евтина и, генерално, не ги покривала трошоците на јавните претпријатија.

**Ограничени загуби**

Во исто време во земјава не постои тело кое контролира дали одредената цена на кубик вода е реална и по која методологија таа се утврдува. Главна цел на законот во суштина е во насока на воспоставување финансиски самоодржлив систем на водни услуги.

Во Министерството за животна средина и просторно планирање велат дека со донесувањето на Законот за водите во 2009 година започнал процесот на реформи во секторот води.

- Се проценува дека за имплементација на директивата за чисти води во Македонија се потребни околу 750 милиона евра инвестиции, кои треба да бидат насочени, пред с`, кон подобрување на инфраструктурата за снабдување со вода за пиење и во изградба на инфраструктура за собирање и прочистување на урбаните отпадни води. Поточно, ова значи дека во секое населено место во земјава, кое има над 2.000 жители, е потребно да се обезбеди зафаќање на сите урбани отпадни води и нивно соодветно прочистување - вели Нурхан Изаири, министер за животна средина.

Според него, со цел обезбедување сигурен систем во пресметувањето на тарифата за користење на водите, се предлага воспоставување регулатор за тарифи за вода.

- Согласно со акцискиот план, регулаторното тело за тарифи за вода треба да биде формирано во рамките на Регулаторната комисија за енергетика до крајот на 2015 година, а веќе во 2016 година заедно со јавните комунални претпријатија ќе се работи на утврдување на тарифите за вода за секое претпријатие одделно - вели Изаири.

Според Законот за енергетиката, еден од најголемите проблеми со кои се соочува моменталниот тарифен систем за вода е фактот што не се применува начелото дека загадувачот мора да плати.

- Со новите надлежности и правилници, кои допрва треба да се донесат, многу лесно ќе се утврдува цената на водата за пиење. Посебно што во регулаторното тело мора да има еден експерт кој добро ја познава проблематиката - стои во законот.

Во крајната цена на водата нема да учествуваат трошоците што не се однесуваат на давањето на услугата, како што се платите на вработените и загубата во водоводниот систем. Загубата на вода, која му се признава како трошок на јавното претпријатие, ќе биде ограничена, а ќе му се постават цели за ефикасност со рок во кој треба да ги оствари.

**Сметка според потрошена вода**

Според експертите, цената ќе биде различна за секое јавно претпријатие одделно. Во неа ќе влегуваат обемот на услугата што ја даваат, бројот на жителите што ги има во општината, трошоците и ефикасноста на системот.

- Законот има цел да ги зголеми одговорноста и ефикасноста на јавните претпријатија во однос на давањето на водната услуга. Пред да се изготват правилниците, секое претпријатие ќе треба да направи преглед на своите трошоци и да побара одредување на цената - велат експертите.

Законот предвидува корисниците да плаќаат за водната услуга точно толку колку што

чини, без оптоварување со непотребни трошоци од лошо работење на јавното претпријатие.

Трошоците, пак, на регулаторот ќе ги надоместува јавното претпријатие, а тоа ќе зависи од големината на фирмата и од услугите што таа ги дава.

- Регулаторното тело за енергетика ќе биде главно и за споровите поведени од корисниците на водните услуги против јавните претпријатија кои се поврзани со утврдување на тарифите на водните услуги - дециден е законот.

Според него, освен водата за пиење, опфатени се и снабдување со сурова вода, собирање и одведување урбани отпадни води и пречистување. Според Националната стратегија за води, тарифите за вода едвај ги покриваат трошоците на претпријатијата и не им дозволуваат да ги модернизираат мрежите. Во повеќето домаќинства водата не се мери и наплатата е поставена по стан или месечна стапка, што не го поттикнува корисникот да ја штеди. Инаку, најскапа вода плаќаат во Штип, Струмица, Охрид, Куманово и во Велес, каде што има инвестиции во системите обезбедени со заеми и грантови. Според некои информации, единствени профитабилни јавни водоводни претпријатија во земјава биле во Скопје и во Кавадарци.

## ЦЕНИ НА ВОДА ПО ГРАДОВИ, ВО ДЕНАРИ

Скопје ...................... 29,39

Штип ........................ 36

Куманово ................ 28,55

Битола ..................... 24,25

Велес ....................... 30,4

Гевгелија ................ 13,90

Тетово ..................... 16,13

Кавадарци .............. 14,87

## ЦЕНИ ПО ГРАДОВИ НА БАЛКАНОТ, ВО ЕВРА

Загреб ...................... 2,05

Подгорица ................ 0.60

Сараево .................... 0.59

Белград .................... 0.60

Тирана ...................... 0.32

Скопје ....................... 0.44

**Валентина Ангеловска**